Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеи 1 и 22, член 20 став 1 алинеја 10[1], член 70 и член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), согласно член 4 став 1 алинеја 6, член 88 и член 93 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), а во врска со Јавниот конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Битола, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, Уп1 бр.08 [illegible] од 09.10.2024 година, („Службен весник на РСМ“ бр.211/24) со исправка од ЈП Службен весник на РСМ („Службен весник на РСМ“ бр.214/24), согласно Заклучокот арх.бр.02-5197/4 од 26.12.2024 година, на 47-та седница одржана на 25.12.2024 година, ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO D AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-271
26.12.2024 година / viti
СКОПЈЕ SHKUP

## О Д Л У К А

1. Јавниот конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Битола, за програмски сервис говорно радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), и тоа: 100.5 MHz., не е успешен поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, заклучно до 16.12.2024 г. во Агенцијата не беше примена ниту една пријава.

2. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), во врска со Барањето за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на Битола од заинтересирана страна, правното лице Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз КАМАЈ МЕДИА ДООЕЛ Битола (наш арх.бр.0803-680/1 од 09.02.2024 г.) со дополнување (арх.бр.08-680/7 од 27.06.2024 г.), Одговорот од Агенцијата за електронски комуникации, арх.бр.0805-626/2 од 28.02.2024 г. (наш арх.бр.0803-680/5 од 04.03.2024 г.) и Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Битола (арх.бр.03-3935/1 од 25.09.2024 г.), на 38-та седница одржана на 09.10.2024 г. донесе Одлука (Уп1 бр.08-271 од 09.10.2024 г.) за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво. Цитираната Одлука беше објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.211/24, со исправка од ЈП Службен весник на РСМ бр.214/24, во два дневни весника: „Вечер“ и „Коха“ на 16.10.2024 г. и на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Согласно точка 12 од цитираната Одлука за објавување на јавен конкурс, пријавата за учество на јавниот конкурс се поднесува во рок од 60 (шеесет) дена, кој рок тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката во Службен весник на Република Северна Македонија. Краен рок за доставување на пријави, по предметниот конкурс, беше заклучно до 16.12.2024 година. Во утврдениот рок за поднесување пријави, заклучно до 16.12.2024 година во Агенцијата не беше примена ниту една пријава.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.248/18).

Членот 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Во врска со погоре наведеното, а со оглед на фактот дека во утврдениот рок за поднесување пријави во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, Директорот на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-271 од 23.12.2024 г., за донесување на Одлука дека предметниот јавен конкурс не е успешен.

Имајќи го предвид наведеното, во врска со Јавниот конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Битола, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, Уп1 бр.08-271 од 09.10.2024 година, („Службен весник на РСМ“ бр.211/24) со исправка од ЈП Службен весник на РСМ („Службен весник на РСМ“ бр.214/24), а со оглед дека во утврдениот рок за поднесување пријави во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот арх.бр.02-5197/4 од 26.12.2024 година, на 47-та седница, одржана на 25.12.2024 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- заинтересирана страна, правното лице ДПТУ увоз-извоз КАМАЈ МЕДИА ДООЕЛ Битола;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите сектори/служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и
- Назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).